Согласно член 40 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, врз основа на Иницијативата на повеќе компании за формирање на Групација за трговија со оружје експлозивни и опасни материи во рамки на Здружението на трговијата, како посебна форма на организирање и работење, поради специфичноста на дејноста и потребата за самостојно организирање во рамки на Комората за остварување на своите специфични посебни интереси, се донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ГРУПАЦИЈА ЗА ОРУЖЈЕ, ОПАСНИ И ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ, ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА ВОЕНА И ЦИВИЛНА НАМЕНА**

**Член 1**

Заради унапредување на дејноста трговија со оружје, експлозивни и опасни материи, на иницијатива на повеќе компании се основа Групација за трговија со оружје, експлозивни и опасни материи, како посебна форма на организирање и работење во рамки на Здружението на трговијата.

**Член 2**

Групација за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, како посебна форма на организирање и работење во рамки на Здружението на трговијата (во натамошниот текст: Групацијата) ќе ги врши следните задачи:

- разгледува прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во дејноста;
- ги усогласува пројавените спротивности и различни интереси во рамките на дејноста;
- усвојува заклучоци и предлага мерки што се од заеднички интерес на членовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи;
- разгледува предлози на закони и други прописи, дава мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите и покренува иницијативи за донесување и за измени и дополнувања на истите;
- иницира и остварува соработка со членови на други здруженија во рамките на Комората и надвор од неа по прашања од заеднички интерес и остварува меѓународна соработка во согласност со програмските активности на Групацијата и со општите акти на Стопанската комора на Македонија;
- соработува со надлежните органи и институции во земјата согласно Законот и со општите акти на Комората и ги застапува интересите на членовите на Групацијата;
- врши размена на информации од интерес на членовите на Групацијата;
- ги координира активностите за организиран настап на членовите на семинари, конгреси и други манифестации во земјата и во странство;
- ги поттикнува имплементацијата на европските правила и стандарди и перманентното функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри од дејноста;
- остварува други активности што заеднички ќе ги договорат членките на Групацијата.

**Член 3**

Групацијата има претседател, кој го избираат членовите на Групацијата од својот состав, со мандат од 2 (две) години со право на повторен избор.

Групацијата има и заменик-претседател, кој се избира од редот на членовите на Групацијата, со мандат од 2 (две) години со право на повторен избор. Заменик-претседателот го заменува претседателот за време на негово отсуство.

Групацијата има и Управен одбор, кој се избира од редот на членовите на групацијата, со мандат од 2 (две) години, со право на повторен избор.

**Член 4**

Работењето и начинот на организација на Групацијата се уредува со Правила, во согласност со одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија.

Административните работи за потребите на Групацијата ќе ги обавува Стручната служба на Стопанската комора на Македонија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр.27-604/3
23.03. 2016 год.
Скопје

Претседател,
Димитар Мангутов, с.р.